ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-286/3

Дата: 25.05.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците – ДПА (во натамошниот текст ДПА) на сметката за редовно работење за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност.

За финансиските извештаи на ДПА за 2014 година се воздржавме од изразување на мислење за вистинитоста и објективноста на истите, додека за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е мислење со резерва.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи на ДПА за редовното работење за 2012 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за угласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

При ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2012 година, при што е утврдено дека состобите утврдени во конечниот извештај од извршената ревизија за 2012 година се повторуваат и во текот на работењето на партијата за 2014 година.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2014 година, заедно со ревизија на усогласеност, констатиравме одредени состојби кои не се во согласност со законските, подзаконските и интерните акти на партијата, од кои како позначајни ги истакнуваме следните состојби:

- годишната сметка и годишниот финансиски извештај за 2014 година не се објавени на веб страната на партијата;
- финансиските извештаи за 2014 година ги опфаќаат трансакциите од сметката за редовно работење на партијата, како и од сметките за

спроведени изборни кампањи за претседателски и предвремени парламентарни избори во 2014 година и локални избори во 2013 година;
- несоодветно евидентирање и искажување на сметководствените трансакции во деловните книги на партијата;
- не извршен попис на средствата и изворите на средствата на партијата со сотојба на ден 31.декември, 2014 година;
- партијата не обезбеди доволно докази за бројот на ограноците на партијата и начинот на уредување на користење на просторот.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, обелоденети се состојби во врска со тоа дека партијата не остварува приходи од членарини, како извор на финансирање, како и за евидентирани уплати на парични средства од страна на единиците на локална самоуправа, по основ надомест за изборни трошоци на организаторите на изборна кампања за спроведените локални избори 2013 година, на сметката за редовно работење.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости и тоа:
- дефинирање на поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции како и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти кои го уредуваат обликот и содржината на финансиските извештаи за непрофитните организации;
- усогласување на пропишаниот образец на Годишен финансиски извештај со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање на истите;
- дефинирање на поконкретни насоки за регулирање во постапувањето во однос на начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии, како и насоки за регулирање на начинот на пренос на средствата од членарина од сметката за редовно работење на сметката за изборна кампања и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорните лица на субјектот, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14-16 заедно со ревизија на усогласеност на Демократска партија на Албанците - ДПА на сметката за редовно работење, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците - ДПА за редовното работење за 2012 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на партијата застапувано од:
- Мендух Тачи, претседател на ДПА.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и

процена на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Заради прашањата опишани во точка 4 – Наоди и препораки, ние не бевме во можност да добиеме достатен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.“

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни

корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 30.11.2015 до 29.12.2015 година кај Демократска партија на Албанците - ДПА, на сметката за редовно работење за 2014 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на овластениот државен ревизор во 2012 година. Со ревизијата на преземени мерки по дадени препораки се констатира дека состојбите утврдени ви конечниот извештај од извршената ревизија за 2012 година се повторуваат и во текот на работењето на партијата за 2014 година. (Прилог 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со преставник од партијата - предмет на ревизија.

Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 09-286/1 од 18.03.2016 година за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2014 година на Демократска партија на Албанците – ДПА, беше пратен по пошта на ден 18.03.2016 година, но беше вратен, поради неможност за достава на адресата на седиштето на ДПА. Истиот беше повторно доставен на ден 12.04.2014 година, и повторно вратен. Нацрт извештајот беше подигнат лично во просториите на Државниот завод за ревизија на ден 09.05.2016 година, од страна на претставник на партијата.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 09-286/1 од 18.03.2016 година.

Констатирани се следните состојби:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај за 2014 година не се објавени на веб страната на партијата, што не е во согласност со член 26 и 27-а од Законот за финансирање на политичките партии, што влијае на можноста за пристап до информациите од страна на заинтересираните страни, како и на остварување на правото на редовно годишно финансирање од Буџетот на Република Македонија.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе мерки за објавување на Годишната сметка и Годишниот финансиски извештај на веб страницата на партијата и обезбеди податоците на соодветен начин да бидат достапни на пошироката јавност.

4.2. **Финансиски извештаи**

4.2.1. Со извршената анализа на податоците во деловните книги на партијата и годишната сметка за 2014 година, ревизијата констатира дека финансиските извештаи за 2014 година ги опфаќаат трансакциите од сметката за редовно работење на партијата, како и од сметките за спроведени изборни кампањи и тоа за претседателски и предвремени парламентарни избори во 2014 година и локални избори во 2013 година. Наведената состојба не е во согласност со член 26, став 2 од Законот за финансирање на политичките партии, согласно кој политичките партии може да имаат само една жиро-сметка и член 71 став 1 од Изборниот законик, согласно кој заради прибирање на средства за финансирање на изборната кампања, политичката партија, коалиција, носителот на независна листа од група избирачи, односно лица кои имаат намера да се кандидираат, задолжително кај носител на платен промет во Република Македонија отвораат трансакциона сметка со назнака "за изборна кампања" и истите не може да се користат за друга намена. Исто така не е постапено согласно член 17 од Законот за сметководството за непрофитните организации. Наведената состојба не овозможува реално прикажување на средствата и обврските, приходите и расходите кои се однесуваат на редовното работење на партијата.
Заради потврдување на искажаните трансакции во финансиските извештаи, во текот на ревизијата од страна на лицето задолжено за водење на сметководствената евиденција на партијата, извршено е разграничување на трансакциите кои се однесуваат на сметка за редовното работење на партијата во 2014 година, кои се предмет на оваа ревизија.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да ги превземе следните мерки и активности:
- во координација со лицето овластено за водење на деловните книги да продолжи со отпочнатите активности за усогласување на сметководствената евиденција со законската регулатива и
- да се изготвуваат поодделни годишни сметки за редовното работење на партијата кои ќе содржат информации и трансакции кои се однесуваат на редовното работење на партијата.

4.2.2. Политичката партија нема преземено активности за формирање на комисија за попис, спроведување на попис и сметководствено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на материјалните средства,

паричните средства, обврските, ситниот инвертар во употреба и изворите на средства на партијата со состојба на 31 декември 2014 година, што не е во согласност со Законот за сметководството за непрофитните организации и Правилникот за сметководството на непрофитните организации. Поради наведеното ревизијата не беше во можност да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните податоци во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември.

**Препорака:**
Одговорното лице во партијата да преземе активности за спроведување попис на средствата и изворите на средствата со состојба на ден 31.декември за секоја деловна годината и нивно усогласување со сметководствената состојба.

4.2.3. Со увид во сметководствената документација на ДПА и со примена на ревизорски техники, ревизијата ги констатира следните состојби:

- во текот на 2014 година извршени се исплати во вкупен износ од 329 илјади денари, врз основа на фактури кои потекнуваат од минати години, а во претходниот пресметковен период не биле сметководствено евидентирани како обврски, поради задоцнето доставување од страна на добавувачите и ненавремен прием во партијата;
- во сметководствената евиденција за 2014 година не се презентирани фактури/евидентирани обврски за електрична енергија, вода, телефонија за сите месеци од известувачкиот период, за објектот во кој е сместен центарот на ДПА, а кој се користи согласно склучен договор за закуп, согласно кој обврската за плаќање на расходите по наведените основи се на терет за закупецот;
- извршени се исплати на парични средства во вкупен износ од 509 илјади денари без поткрепувачка документација како основ за евидентирање на исплатите, како и евидентирани се приходи во вкупен износ од 696 илјади денари без приложена документација за основот по кој се врши уплатата на средствата.

Наведените состојби не се во согласност со член 2 од Законот за сметководството на непрофитните организации, согласно кој непрофитните организации сметководството го водат на начин кој обезбедува сеопфатно, благовремено и ажурно водење на деловните книги.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, во координација со одговорното лице за водење на деловните книги да преземат активности за навремено и целосно евидентирање на обврските во сметководствената евиденција, усогласување на состојбата на обврските со добавувачите и евидентираните трансакции во деловните книги да бидат поткрепени со комплетна и уредна документација.

4.2.4. Согласно статутот на ДПА, партијата се организира според територијалниот принцип во земјата и надвор од неа. Членство е организирано во: подогранок, огранок, заедница на ограноци на градот и центар на ДПА. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека, партијата не поседува градежни објекти во нејзина сопственост, а за објектот во центарот на Тетово се користи изнајмен објект, согласно склучен договор за закуп за период заклучно со месец септември 2014 година. Објектот и по истекот на перидот за кој е склучен договорот за закуп, се користи како седиште на ДПА, без презентиран акт за начинот на уредување на меѓусебните права и обврски за користење на наведениот деловен простор, што не е во согласност со одредбите од Законот за облигационите односи. Имајќи го предвид фактот дека на ревизијата не и е презентиран акт за вкупниот број и седишта на ограноците на партијата, ревизијата не беше во можност да потврди дали освен наведениот објект, за потребите на партијата се користат и други објекти, за кои треба да се евидентираат приходи доколку истите се користат без надомест (донација) или да се искажат расходи по основ на закупнина и други расходи, доколку за истите се плаќа надомест.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе активности за изготвување на Акт за бројот и седиштето на ограноците на партијата, како и за уредување на начинот на користење на деловниот простор (сопственост/закуп).

4.2.5. Со извршениот увид во деловните книги ревизијата утврди дека партијата не поседува возила во нејзина сопственост, ниту е прикажана донација на услуга за користење на возила. Во деловните книги на партијата евидентирани се расходи за гориво и набавка на автомобилски гуми во вкупен износ од 421 илјади денари. Притоа, приложената документација не содржи податоци за регистарскиот број на возилата за кои се направени расходите, ниту се изготвени патни налози за користење на возилата. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Правилникот за сметководство на непрофитни организации и влијае на можноста на потврдување на расходите и квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои што ги даваат истите.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата, доколку во иднина утврди потреба од користење на туѓи возила за потребите на партијата, да преземе активности за уредување на начинот на користење на истите

**Основ за изразување на мислење**

Поради ефектите од изнесените состојби во точката 4.2.1. кои се однесуваат на начинот на изготвување на финансиските извештаи за 2014 година, согласно кој истите ги опфаќаат и трансакциите од сметките за спроведени изборни кампањи, не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази, поради што се воздржуваме од давање ревизорско мислење.

## 5. Ревизорско мислење

**Воздржување од изразување мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата објаснети во точката 4.2.1., ние не бевме во можност да прибавиме достатни и соодветни ревизорски докази како основа за мислење за ревизија. Следствено ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците – ДПА за сметката за редовно работење за 2014 година кои се предмет на ревизија.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точките 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи на Демократска партија на Албанците – ДПА за сметката за редовно работење за 2014 година, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Во член 13, став 1, алинеа 1 и член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, наведени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои и финансирањето по основ на членарина. Под членарина се подразбира редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно одредбите од член 60 од Статутот на ДПА, партијата својата активност, помеѓу другото ја финансира и од членарина од своите членови. Со увид во документацијата ревизијата утврди дека во пракса овие одредби од Статутот не се применуваат, односно не се уплаќа членарина од страна на членовите на партијата. Не наплатувањето на чланарината како извор на финансирање предизвикува намалени приходи на партијата и ограничување во извршувањето на нејзините активности.

6.2. Со увид во делоевните книги и сметководствената докуменатција за 2014 година, ревизијата констатира дека на сметката за редовно работење на партијата евидентирани се уплати на парични средства во вкупен износ од 1.189 илјади денари, од кои 493 илјади денари директно и 696 илјади денари преку извршител, уплатени од страна на единиците на локална самоуправа, по основ надомест за изборни трошоци на организаторите на изборна кампања за спроведените локални избори 2013 година. Наведените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, каде се утврдени изворите на финансирање на партиите и тоа како јавни извори на финансирање, односно финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Македонија и приватни извори на финансирање, односно членарини, донации, легати, приходи од продажба на промотивен и пропаганден материјал. Истотака, во член 71, став 1 од Изборниот законик, утврдено е дека средствата од трансакционата сметка отворена за изборна кампања не може да се користат за друга намена, а вишокот од собраните средства организаторот на изборната кампања ќе го подари во добротворни цели.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[1] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што значи дека приходите се признаат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.

Согласно наведениот член приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.

Исто така во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.

Примената на критериумот расположливост на приходите, како и признавањето на расходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги на

[1] „Службен весник на Република Македонија" број 24/2003 и 17/2011

партиите, како и разноликост во постапувањето при евидентирањето на истите.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да преземат мерки за законско доуредување.

Истакнуваме дека партијата при евиденција и искажување на сметководствените настани/трансакции за 2014 година, за дел од деловните промени и трансакции применува пресметковен начин на проценување на истите, а за дел сметководствено начело на парично искажување, без примена на сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции.

7.2. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во членот 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и членот 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации[2] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции“. Со извршениот увид во: Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[3] и Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[4], ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции[5] кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”.

За надминување на утврдената состојба надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

[2] „Службен весник на Република Македонија” број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011
[3] „Службен весник на Република Македонија” број 117/05; 11/06
[4] „Службен весник на Република Македонија” број 117/2005
[5] 406-Амортизација; 480-Вонредни-невообичаени ставки на трошоци кои не произлегуваат од вообичаените (редовни) активности и кои не се очекуваат дека ќе се појават; 481-Вонредни отписи и отуѓување на средства кои настанале неочекувано и со висока вредност; 482-Загуби поради оштетување на голем дел од средствата или поради природна катастрофа; итн

7.3. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори од кои може да се врши финансирање на политичките партии. Истовремено, во Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013), во точка 39 од пропишаниот образец на Годишниот финансиски извештај предвидена е позиција за расходи за камати на кредити и заеми, кои како извор на финансирање на политичките партии не е предвиден во горенаведениот закон.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да преземат активности за усогласување на пропишаниот образец на Годишен финансиски извештај со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање на истите.

7.4. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии, помеѓу кои и членарина како основ на финансирање на партијата. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ, поединечно по секој член.

Ревизијата констатира дека партиите приходите од членарина најчесто ги регулираат со донесување на интерен акт. Согласно донесените акти се пропишува висината на чланарината, начинот на плаќање, начинот на уплата како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.

Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за регулирање во постапувањето во однос на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

Истотака, во член 83, став 2 од Изборниот законик[6], предвидена е можност за финансирање на изборната кампања од членарината на политичката партија.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на пренос на средствата од сметката за редовно работење на сметката за изборна кампања.

[6]„Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 127/2006, 136/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 54/2011, 142/2012, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 32/2014, 31/2015, 196/2015, 35/2016

7.5. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии[7] вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 57/2007 и 60/2007. Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии[8], вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на погоренаведените законски акти.

[7] „Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 5/2007, 8/2007; 5/2008 и 23/2013
[8] „Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2014 ГОДИНА

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2014** | **2013** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 8.511 | 7.401 |
| Други приходи | 3.1.2. | 719 | - |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходната година | 3.1.3. | 1.733 | - |
| **Вкупно приходи** | | **10.963** | **7.401** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| Материјални расходи, услуги, амортизација | 3.2.1. | 4.651 | 4.950 |
| Други расходи | 3.2.2. | 101 | 416 |
| Плати и надоместоци на плати | 3.2.3. | 466 | - |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.4. | 19 | - |
| Вонредни расходи | 3.2.5. | 312 | - |
| **Вкупно расходи** | | **5.549** | **5.366** |
| | | | |
| **Нето вишок на приходи-добивка по оданочување** | | **5.414** | **2.035** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2014 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2014 | 2013 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 4.380 | 1.352 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.2. | 1.727 | 833 |
| **Материјали, резервни делови и ситен инвентар** | | | |
| Ситен инвентар | 4.1.3. | - | 114 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.107** | **2.299** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 1.355 | 1.355 |
| **Вкупно постојани средства** | | **1.355** | **1.355** |
| **Непокриени расходи** | | | **302** |
| **Вкупна актива** | | **7.462** | **3.956** |
| **Пасива** | | | |
| **Краторочни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.975 | 1.848 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **1.975** | **1.848** |
| **Нераспределен дел од вишокот на приходите - добивка** | 4.3.2. | **5.414** | **2.035** |
| **Извори на средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.4.1. | 73 | 73 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **73** | **73** |
| **Вкупна пасива** | | **7.462** | **3.956** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2014 ГОДИНА**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **О П И С** | **Деловен фонд** | **Вкупно** |
| | | |
| Состојба 01.01.2014 година | 73 | 73 |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | - | - |
| Набавки | | - |
| **Намалување по основ на:** | - | - |
| Амортизација | | - |
| | | |
| **Состојба 31.12.2014 година** | 73 | 73 |